Државната комисија за спречување на корупција, врз основа на членот 22 и членот 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.12/19,), и член 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава доставена од подносителот ------------ до Државната комисија за спречување на корупцијата, на четвртото продолжение на 38-та седница одржана на 15.09.2020 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

**СЕ ЗАПИРА** постапката по предметот со број 12-5330/1 од 22.11.2019 година оформен по пријавата/ барање за покренување на кривична постапка поднесено од ------------- на 22.11.2019 година, до Јавното обвинителство Струга и до Државната комисија за спречување на корупцијата против ------------------------------- во врска со наводи за сомневање за сторено кривично дело Измама од страна на осомничената која во текот на оставинската постапка бр. 207/14 кој ја водел ----------------, судија на Основен суд Струга, дала лажни изјави поврзани со имотот и нејзиниот статус врз основа на кои била донесена незаконска Пресуда во корист на осомничената.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметот со број 12-5330/1 од 22.11.2019 година бидејќи по конкретниот случај постапувал друг надлежен орган (Основно јавно обвинителство–Струга), кој презел процесни дејствија во насока на утврдување на фактичката состојба согласно Законот за кривична постапка, ја утврдил фактичката состојба и донел одлука против која незадоволната странка/подносителот на пријавата користел правен лек–жалба и поведена е жалбена постапка пред повисокото јавно обвинителство.

Предметот да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК, со образложението.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

### Образложение

Предметот со број 12-5330/1 од 22.11.2019 година е оформен врз основа на добиена пријава од подносителот ---------------.

Во пријавата/Барањето за покренување на кривична постапка, поднесено од ------------------ на 22.11.2019 година, до Јавното обвинителство Струга и до Државната комисија за спречување на корупцијата кое е против --------------- односно ---------------, се укажува на наводи за сомневање за сторено кривично дело Измама од страна на осомничената (------------ односно ---------------) која во текот

на оставинската постапка бр. 207/14 кој ја водел ---------------, судија на Основен суд Струга, дала лажни изјави поврзани со имотот и нејзиниот статус врз основа на кои била донесена незаконска Пресуда во корист на осомничената.

Со цел проверка на наводите и утврдување на фактичакта состојба во конкретниот случај, ДКСК до Основното јавно обвинителство Струга достави Барање за надлежно постапување со број 12-2357/1 од 07.07.2020 година со кое побара да се достави целосна информација за тоа дали Обвинителството во Струга постапило по Барањето за покренување на кривична постапка за лицето ---------- односно ---------------, поднесено од лицето ------------- во месец ноември 2019 година, ја утврдил фактичката состојба во конкретниот предмет и кој е исходот од постапувањето.

Во законски утврдениот рок беше доставен одговор од Основното јавно обвинителство Струга.

При разгледување на предметниот случај, Државната комисија за спречување на корупцијата ги зема во предвид предметните наводи и по извршените проверки го утврди следното:

По однос на кривичната пријава поднесена од лицето --------------- против ------------- за кривично дело-Измама, во Основното јавно обвинителство Струга е оформен предмет КО бр. 379/19, во рамките на постапката по предметот се преземени процесни дејствија согласно Законот за кривична постапка. Гореспоменатиот предмет се наоѓа во Вишото јавно обвинителство Битола, од причина што лицето ----------------- има поднесено жалба на Пресудата на Основното јавно обвинителство Струга до Вишото јавно обвинителство Битола.

Од спроведената постапка за утврдување на фактичката состојба и проверка на основаноста на наводите содржани во пријавата и преземените конкретни дејствија, Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека по конкретниот случај постапувал друг надлежен орган (Основно јавно обвинителство–Струга), кој презел процесни дејствија во насока на утврдување на фактичката состојба согласно Законот за кривична постапка, ја утврдил фактичката состојба и донел одлука против која незадоволната странка/подносителот на пријавата користел правен лек–жалба и поведена е жалбена постапка пред повисокото јавно обвинителство, па оттаму нема елементи за натамошно постапување на ДКСК во конкретниот случај.

По заклучок на седница на ДКСК,
Изработил: м-р Ирена Поповска
Одобрил: Софка Пејовска Дојчиновска, член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател,**
**Софка Пејовска Дојчиновска**